КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE
www.all4fairtrials.org.mk
www.otvorenosudstvo.org.mk
Mail: contact@all4fairtrials.org.mk
Facebook: Coalition All For Fair Trials
Twitter: All4FairTrials-MK

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

## Јавна реакција на Коалиција „Сите за правично судење“

## за 487та седница на Судскиот совет на РСМ

Коалиција „Сите за правично судење“ преку овој документ ќе даде препораки за унапредување на постапувањето на Судскиот совет и Основниот кривичен суд за случувањата поврзани со истрагата отворена од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција против судија од Врховниот суд на Република Северна Македонија. Со оглед на фактот дека во практиката на правосудството многу ретко се спроведувале вакви постапки, овој документ ќе овозможи да се воочат одредени проблематични прашања кои понатаму ќе треба да ги унапредат состојбите од аспект на постапување на институциите и иницирање на законски измени. Во оваа насока, би сакале да потенцираме дека посочените слабости во овој документ не влијаат на одлуката на Судскиот совет, но влијаат врз перцепциите на јавноста за професионалното постапување на судската власт.

Најпрво, би сакале да укажеме дека закажувањето на итни седници од страна на Судскиот совет, особено во ноќните часови директно влијае на правото на јавноста навремено да биде информирана за одржување на седниците на Судскиот совет. Низ призма на праксата на Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст: ЕСЧП), толкувајќи ја јавноста на судењата, ЕСЧП има заземено став дека судењето е во склад со барањето за јавност ако јавноста може да добие информации за времето и местото на неговото одржување и ако тоа место е лесно достапно.[1] Имајќи предвид дека седницата беше закажана на полноќ, сметаме дека овие критериуми не се задоволени во конкретниот случај. Дополнително, со оглед дека се поминати повеќе од 12 часа од одржување на седницата на Судскиот совет, а судијата на претходна постапка во Основниот кривичен суд сè уште нема одржано рочиште за определување на мерка притвор, можеме да заклучиме дека седницата во ноќните часови не била неопходна во тој временски период, односно истата би можела да се одржи и во утринските часови во текот на денешниот ден што би имало позитивно влијание на транспарентноста на Судскиот совет. Во таа насока, јавноста би била соодветно запознаена за местото и времето на седницата и истата би можела да ја следи.

Во конкретниот случај, иако почетокот на седницата беше јавен и за истото има објавено линк на веб страната, сепак отсуствува ваков дел од гласањето на членовите на Судскиот совет при носење на одлуката. Ова е загрижувачко поведение, бидејќи Судскиот совет на Република Северна Македонија продолжува да не ги почитува во целост законските одредби кои се однесуваат на јавноста на сопствената работа и условите и обемот за исклучување на јавноста. Имено, согласно Законот, Судскиот совет може да одлучи јавноста да ја исклучи од седницата заради заштита на угледот и интегритетот на судијата. Меѓутоа, она што е важно да се потенцира е тоа што во случај кога Советот одлучил за исклучување на јавноста од седницата, претседателот на Советот е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста и во случај ако на истата седница донесува одлука со гласање, гласањето за одлуката е јавно**.** Во конкретниот случај, за 487-тата седница, гласањето за одлуката не беше јавно, ниту пак отпосле беа обезбедени информации кои би го задоволиле критериумот за јавност на постапувањето, па така јавноста беше информирана за одлуката на Советот преку соопштение на веб страната на истиот. Со ваквото постапување, Судскиот совет продолжува и понатаму нецелосно да ги применува одредбите на Законот за Судскиот совет и спротивно на истиот да ја намалува транспарентноста на сопственото работење.

Исто така, за време на предметната седница, Судскиот совет покрај тоа што донесе одлука со која го одзема имунитетот на судијата, донесе и одлука со која го одобри барањето за одобрување на притвор, поднесено од страна на судијата на претходна постапка, како и донесе одлука за времено оддалечување од

[1] Рипан против Австрија [Riepan v. Austria], пресуда од 14 ноември 2000, бр.35115/97

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

вршење на судиска функција. Во однос на овие одлуки, сметаме дека е погрешна практиката на Советот да прави разлика во поглед на одземањето на имунитет на судија од една страна и одлучување за одобрување на притвор на судија од друга. Во однос на ова прашање, би сакале да истакнеме дека ова не е прв случај каде Судскиот совет ги третира одземањето на имунитетот и одобрувањето на притворањето како две различни прашања, единствено поради несоодветната формулација на одредбите во Уставот и Законот за судовите[2]. Во оваа насока, најнапред треба да имаме предвид дека имунитетот на судиите претставува уставна категорија, која што е предвидена во членот 100 од Уставот на Република Северна Македонија, па така, имунитетот кој што го уживаат судиите опфаќа два клучни сегменти:

- судија не може да биде повикан на кривична одговорност за искажано мислење и одлучување при донесување на судска одлука, како и
- истиот не може да биде притворен без одобрување на Судскиот совет, освен доколку е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку 5 години.

Овие уставни одредби кои го третираат прашањето за имунтитетот на судиите, се понатаму пресликани, без некое особено дополнување, низ неколку ставови во членот 65 од Законот за судовите.

Имајќи ги предвид претходно изнесените релевантни одредби, јасно произлегува дека имунитетот што се однесува на ограничувањето на можноста судиите да бидат притворени, е единствен сегмент што со одлука на Судскиот совет може да биде одземен. Поинаку кажано, имунитетот на судиите во поглед на нивната кривична одговорност за искажано мислење и одлучување при донесување на судска одлука, во никој случај не може да биде одземен. Токму затоа, сосема оправдано се поставува прашањето, поради која причина Судскиот совет донел две посебни одлуки, кога очигледно е дека со одлуката за одземање на имунитет на судија се отстранува и процесната пречка судијата да не може да биде притворен?

Покрај претходно изнесените прашања, Коалицијата исто така би сакала да истакне дека постои реална потреба од унапредување на практиката на постапување на судовите и на Судскиот совет кога станува збор за спроведување на постапките за определување на притвор и одземање на имунитет на судија. Во конкретниот случај, Судскиот совет, по претходно барање од судија на претходна постапка, донесе одлука за одземање на имунитетот и одобрување на притвор пред да биде донесена судска одлука за притворањето, па дури и пред воопшто да биде одржано рочиште за определување на притвор. Во оваа насока, одлучувањето на Судскиот совет да биде одобрен притвор, уште пред да биде донесена судска одлука за определување на истиот, може да се смета како прејудицирање на исходот на постапката за определување на притвор која се води пред основен суд. Дотолку повеќе што Судскиот совет донесе и одлука за времено оддалечување од вршење на функцијата, која одлука согласно Закон се носи кога судијата е притворен, кога против него се води кривична постапка за кривично дело за кое е предвидена казна од најмалку 5 години затвор, или во случаите кога против него е поведена постапка за утврдување на одговорност, кои услови не се исполнети во овој случај. Самата законска формулација во Законот за судовите[3] и Законот за Судскиот совет на РСМ[4] наметнува претпоставка дека притворот претходно треба да биде претходно определен за да може да биде одобрено притворањето на судијата, односно да биде одобрено извршувањето на решението за определување на притвор. Треба да се има предвид дека судијата на претходна постапка може да го одбие барањето за определување на притвор, па оттука воопшто и да нема потреба да се иницира постапка за одземање на имунитет на судијата и одобрување на притворањето. Така, се поставува прашањето зошто Судскиот совет би го одобрил барањето

---

[2] Одлука за одземање на имунитет и одобрување на притвор за судија Зоран Теофиловски, како и Одлука за одземање на имунитет и одобрување на притвор за судија Мустафа Шахини

[3] Член 65, став 3 Судија не може да биде притворен без одобрување на Судскиот совет на Република Македонија, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години

[4] Член 99, став 2 Советот на седница одлучува со најмалку седум гласови од вкупниот број членовите на Советот со право на глас по барањето за одобрување на притвор на судија, односно по известувањето дека судијата е притворен

www.all4fairtrials.org.mk
www.otvorenosudstvo.org.mk
Mail: contact@all4fairtrials.org.mk
Facebook: Coalition All For Fair Trials
Twitter: All4FairTrials-MK

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

за одобрување на притвор, освен ако судијата на претходна постапка веќе не формирал мислење дека е неопходно да биде донесено решение за определување на притвор? Поради тоа, според мислењето на Коалицијата „Сите за правично судење“, во ваквите постапки, <u>најсоодветно би било доколку барањето за одобрување на притворот е поднесено од страна на судот до Судскиот совет откако е донесено решение за определување на притвор во прв степен</u>. Во оваа ситуација, би било и сосема оправдано и очекувано да биде донесена и одлука за времено оддалечување од вршење на судиската функција, бидејќи веќе се исполнети законските основи за истото.

Алтернативно, доколку поради нејасната постапка и несоодветна законска регулираност на ова прашање судијата на претходна постапка смета дека не може да донесе одлука за определување притвор поради постоење на правни пречки (имунитет), ваквото барање би можело да биде поднесено откако е одржано рочиштето за определување притвор на кое е сослушано осомниченото лице и се изведени релевантните докази со цел судот да може оправдано и основано да формира мислење дека е неопходно да биде определен притвор, пред да биде формално донесена одлуката.

Препознавајќи дека ваквата практика во определена мера се должи на нејасните законски одредби и несоодветно регулираната постапка за одземање имунитет и притворање на судија, кои е неопходно да бидат унапредени, сепак сметаме дека судовите и Судскиот совет не треба да постапуваат шаблонски, туку треба да ги толкуваат законските одредби во смислата на нивниот дух, како и во согласност со меѓународно прифатените стандарди за фер и правично судење. Воедно, апелираме овие прашања да бидат разгледани со должно внимание во рамки на реформските процеси и работните групи за измена и унапредување на релевантните прописи.